Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

Извадок на дел од дневни настани 02.01.2021

На 02.01.2021 во 03.25 часот полициски службеници од Одделот за организиран криминал го лишиле од слобода Х.А.(31) од с.Боговиње, тетовско, сопственик на угостителски објект во с.Жеровјане, тетовско, во кој претходно била спроведена акциска контрола. Притоа, во неговата канцеларија бил пронајден пиштол без сериски број и 27 куршуми калибар 9 мм, како и два гасни пиштола. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 01.01.2021 во 19.30 часот полициски службеници од ОВР Гостивар во с.Здуње, гостиварско, го лишиле од слобода Ф.М.(37), поради постоење основи на сомнение за недозволена трговија со дрога. При приведувањето тој агресивно се однесувал кон полициските службеници, а при извршен преглед кај него и при извршен претрес во неговиот дом била пронајдена марихуана. Тој бил задржан во полициска станица за понатамошна постапка, а по документирање на случајот ќе следува поднесок.

На 01.01.2021 во 23.30 часот на подрачјето на Гази Баба, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода И.В.(47) од Скопје, кај кого при извршен преглед бил пронајден нож на расклопување, со што сторил прекршок од Законот за оружје. Тој бил приведен, при што агресивно се однесувал кон полициските службеници. По документирање на случајот, против него ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

На 01.01.2021 во 14.30 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, А.Т.(50) од Скопје пријавила дека на ул.„Струмјани" била касната од куче скитник.

На 01.01.2021 во 20.00 часот во Полициската станица Гази Баба било пријавено дека А.Џ.(16), за која нејзината мајка на 31.12.2020 пријавила дека се оддалечила од домот, била вратена дома.

На 01.01.2021 во 15.15 часот во Полициската станица Аеродром, С.Н.(47) од Скопје пријавила дека на бул.„Кузман Јосифоски Питу" нејзиниот малолетен син бил каснат од куче скитник.

На 01.01.2021 во 07.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека настанал пожар во барака на ул„Руѓер Бошковиќ". Во пожарот една барака целосно изгорела, а уште една барака била делумно зафатена. Повредени лица нема, а пожарот е изгаснат од екипа на Бригадата за противпожарна заштита. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Скопје.

На 01.01.2021 во 16.15 часот од страна на полициски службеници од СВР Скопје на местото викано „Празна торба", над Црн Врв, бил пронајден починат У.Ф.(45), за кого претходниот ден неговата сопруга пријавила дека се оддалечил од дома. Во близина бил пронајден и неговиот патнички автомобил „лада нива", со скопски регистарски ознаки. Извршен бил увид на местото на настанот, а по наредба на Јавен обвинител телото на починатиот било предадено на обдукција.

На 01.01.2021 во 19.30 часот во Полициската станица Драчево К.К.(47) од Скопје пријавила дека на ул.„Бранко Заревски" била касната од куче скитник.

На 01.01.2020 во 19.35 часот Г.Ч.(44) од Битола пријавил дека на 31.12.2020 околу 22.00 часот во Битола неговиот малолетен син бил физички нападнат од едно малолетно лице. Се работи на расчистување на случајот.

На 02.01.2021 во 01.00 часот У.М.(21) од Кавадарци пријавил дека околу 00.20 часот во Кавадарци тој и С.Ф. од Кавадарци биле физички нападнати од Т.Ј. и неговата сопруга, со кои од претходно се познавале. Се работи на расчистување на случајот.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет